**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

**- Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој –**

**Бр. 11-666/1**
**Од 20.04.2023 година**

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ бр. 32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 65 од Статуатот на општина Чучер сандево го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на јавен увид на изработен**

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Г2.1 – ЛЕСНА ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА (БРАВАРСКА РАБОТИЛНИЦА - ПРОИЗВОДСТВЕН ПОГОН СО ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ, МАГАЦИН, ПРОИЗВОДСТВО, СЕРВИСИРАЊЕ И МОНТАЖА НА ОПРЕМА) НА КП 2463, КП 2462 И КП 2457, КО ГЛУВО БРАЗДА, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

Изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1 – лесна градежна индустрија (браварска работилница - производствен погон со придружни содржини, магацин, производство, сервисирање и монтажа на опрема) на КП 2463, кп 2462 и КП 2457, КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево**, ќе се одвива во рамките на границата на катастарските парцели опфатени во урбанистичкиот проект, односно границата на проектниот опфат воедно и формирана градежна парцела со границите на катастарските парцели КП 2463, КП 2462 и КП 2457, КО Глуво-Бразда, Општина Чучер Сандево.

Градежната парцела е дефинирана со следните граници:
- на **југозапад** и **запад** се граничи со КП 2464, па продолжува кон **северозапад** со КП 2451/2, на **север** со КП 2452, на **северо исток** со 2825/1, на **исток** со КП 2461 и на **југоисток** со постоен пат на КП 3436/2, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.

Површината која ја опфаќа проектниот опфат (воедно и формирана градежна парцела) изнесува 4091м2 (0.4ха). Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Чучер Сандево.

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1 – лесна градежна индустрија (браварска работилница - производствен погон со придружни содржини, магацин, производство, сервисирање и монтажа на опрема) на КП 2463, КП 2462 и КП 2457, КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево**, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Чучер Сандево: https://cucersandevo.gov.mk/

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 26.04.2023 година.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Изработил:
Бојана Палифровска миа

Градоначалник на Општина
Чучер Сандево
Сашко Комненовиќ